РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-582/2
20.05 2021 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
ул.Јаким Стојковски бр 1
Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47
www.probistip.gov.mk
е-пошта: info@probistip.gov.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа (Слубен Весник на РМ бр.5/2002) Градоначалникот на општина Пробиштип го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

За назначување на службеник за млади во Општина Пробиштип

1. Драгана Јовчевска вработена во општина Пробиштип се назначува како службеник за млади во Општина Пробиштип, одговорен за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Општина Пробиштип.
2. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:
   -развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики,
   - поддршка на работата на органот на државната управа, локалната самоуправа, локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност,
   - одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите
   - следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на органот на државната управа, општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите
   - обезбедување информации и информирање на младите
   - водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт,
   - редовна комуникација со Агенција за млади и спорт,
   - да биде контакт за сите младински прашања на органот на државната управа, локалната самоуправа кон младите и јавноста
   - службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.
3. Решението стапува во сила со донесувањето.

### Образложение

Административниот службеник Драгана Јовчевска покрај секојдневните работни задачи на работното место на кое е распоредена, се овластува да работи како службеник за млади согласно Законот за младинско учество и младински политики, а врз основа на Заклучокот од 57 седница на Влада донесен на 23 март 2021.

Врз основа на напред навесеното се донесе решение како во диспозитивот.

Доставено до:
- Влада на РСМ
- Агенција за млади и спорт
- овластен службеник
- архива
- Веб страна на општината
- Фејсбук профиил на општината

Градоначалник на
Општина Пробиштип
Драган Анастасов

Изготвил, Јованка Данева